Финансирано од Европска Унија

Европско движење Северна Македонија
European Movement North Macedonia

# НАЦИОНАЛНА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (НКЕУ-МК)

## ПРЕПОРАКИ

**11-та сесија на Работната група – 4, Правда, слобода и безбедност (Поглавје 24)**

***Тема:* „ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ОТПОРНОСТА НА ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА ОДГОВОР НА ХИБРИДНИТЕ ЗАКАНИ“**

1. Владата треба да преземе инцијатива за креирање на системски национален пристап за јакнење на отпорноста на институциите преку соодветна нормативна рамка за подготовка на акти и процедури за управување со сајбер безбедност и заштита од хибридни закани.
2. За јакнење на отпорноста на институците од хибридните закани Владата да преземе иницијатива за дефинирање на специфичните стандарди и опремата (информатичката инфраструктура) која ќе биде инсталирана во инситуциите.
3. За да се развие националната отпорност од хибридните закани, потребно е Владата да ја зајакне комуникацијата, соработката и координација со сите засегнати страни (претпријатијата од ИТ секторот и други претпријатија од доменот на безбедноста, граѓански здруженија, академската заедница, медиумите и друга експертска јавност).
4. Оперативен тим за справување со сајбер безбедност и хибридни закани потребно е да утврди листа на институции кои можат да бидат цел на хибридни закани, вклучително и да се спроведе приоритизација бидејќи сите институции не бараат еднакво ниво на заштита, ниту пак, сите институции поседуваат иста важност.
5. Оперативен тим за справување со сајбер безбедност и хибридни закани потребно е да воспостави безбедносни стандарди, оперативни процедури и протоколи за заштита на институциите од можни хибридни закани, како и за справување со последиците од истите.
6. Владата да преземе иницијатива за дефинирање на потребата од обуки на раководните кадри и вработените во институциите, како и да го утврди концептот и формите на обуките со цел да ги запознае нив со безбедносните стандарди, оперативни процедури и протоколи за заштита на институциите од можни хибридни закани.
7. Со оглед на фактот дека државава се движи во насока на масовна примена на информатичките технологии (ИТ) во сите сфери на општественото дејствување Владата да преземе иницијатива за промена на пристапот кон ИТ секторите во институциите преку соодветен менаџмент на човечки ресурси што би значело:

SFPA
Slovak Foreign Policy Association

- Привлекување на високо квлификувани кадри со посебни материјални стимулации (соодветни на секторот во целина);

- При регрутација на ИТ кадрите да се применува строго експертскиот критериум, односно професионалните квалификации;

- Оптимизација на бројот на вработени според сложеноста, критичноста и ранливоста на институцијата;

8. Институциите на правдата (јавното обвинтелство и судовите) да инвестираат во сите аспекти на зајакнување на истражните и судските процеси. Тоа подразбира да имаат наменски буџет и можност да користат услуги на надворешни специјализирани организации.

9. Владата да иницира потесна соработка и партнерства меѓу националните институции со оние од соседните држави, како и со државите од Регионот за споделување на искуствата од реализирани случаи на сајбер напади и хибридни закани.

10. Владата да ја преиспита можноста за измена на процедурите на огласите за јавни набавки кои се од областа на ИТ технологиите кои изнесуваат многу детали од техничка приода кои го зголемуваат ризикот од хибридни закани.

11. Сајбер културата како целина од технологии (од материјален, организациски и интелектуален карактер), но и практики, ставови, начини на размислување и вредности за сајбер просторот се гради на спонтан начин од страна на сите членови на заедницта. Меѓутоа, поттикнувањето и подржувањето на јавни дебати од страна на различни чинители може да ја зголеми осетливоста на граѓаните за овие прашања.